# Поддршка од доброволци

Да се негува лице со болест за која не постои лек може да исцрпува физички и емоционално. Нашите обучени доброволци може да ги одменуваат негувателите со тоа што им нудат практична помош и емоционална поддршка.

# Што ако имате некои посебни културни/јазични потреби?

Вашата екипа за нега со лекарства за ублажување на болки се обидува да покажува разбирање за вашата култура и вашиот јазик. Ве молиме, кажете ни ако имате било какви посебни потреби специфични за вашата култура, на пример, во врска со исхраната, духовните потреби или ако ве негува лице од спротивниот пол. Ве молиме, кажете ни ако сакате помош од преведувач. Услугите на преведувачите се бесплатни и доверливи.

**Health Care Interpreter Service**
(Служба на преведувачи во здравствената нега)
Бесплатни и доверливи услуги на преведувачи можете да добиете 24 часа, седум дена во неделата.
Замолете го персоналот да ви организира преведувач.
Исто така, на располагање имаме AUSLAN преведувачи.
(02)9840 3456.

# Каде да се обратите за помош или информации

- Кај вашиот доктор
- Кај специјалистот кој ве лечи
- Во локалната болница
- Во Службата која ви нуди нега со лекарства за ублажување на болки

За било какви информации, телефонирајте на:

**1800 013 101**

од 9 часот наутро до 4.30 часот попладне, ако живеете во регионот на Penrith или Blue Mountains

или на **(02) 4560 5714**

од 9 часот наутро до 12.30 часот попладне, или од 1.30 часот до 4.30 часот попладне, ако живеете во регионот Hawkesbury.

*The production of this pamphlet has been supported by a grant from NSW Health.*

*The design concept of this pamphlet is courtesy of the Palliative Care Council of South Australia, Palliative Care Victoria and Palliative Care Australia.*

WAHS 307 March 2004

MACEDONIAN

PALLIATIVE CARE SERVICES

## Нега со лекарства за ублажување на болки

# Одмена Утеха Поддршка

***Нега на најмил со неизлечива болест***




Wentworth Area Health Service

# Што е нега со лекарства за ублажување на болки?

Негата со лекарства за ублажување на болки им нуди поддршка на луѓето кои боледуваат од болест за која не постои лек.

Целта на негата со лекарства за ублажување на болки е на секое лице да му го овозможи најдобриот можен квалитет на живеење. Ова го правиме со тоа што организираме и нудиме различни услуги како одговор на потребите на пациентот и негувателот.

Може да се обезбедат различни услуги, вклучувајќи услуги за задоволување на физичките, емоционалните, социјалните и духовните потреби.

# Каде?

Секогаш кога се може, негата со лекарства за ублажување на болки се обезбедува таму каде што сака пациентот.  Нега може да се обезбеди во:

- сопствениот дом на пациентот
- домот на негувателот
- Nepean, Hawkesbury, Blue Mountains или Springwood Hospital, или во дом или хостел за нега на болни лица.

Главни негуватели се семејството, родниините и пријателите.  Стручна помош може да добиете од вашиот доктор од општа пракса и од вашата екипа за нега со лекарства за ублажување на болки.

# Негата со лекарства за ублажување на болки е тимска работа на

- Пациентот, семејството и негувателот
- Медицинска сестра
- Доброволец
- Помошен работник кој живее со пациентот
- Поп/верски или духовен водач
- Советник за смртни случаи
- Други здравствени работници вклучувајќи социјален работник, физиотерапевт, терапевт за професионални заболувања, аптекар
- Доктор од општа пракса
- Доктор специјалист за нега со лекарства за ублажување на болки
- Други доктори специјалисти кои го лекуваат пациентот

# Ако имам болки, дали тие може да се ублажат?

Во скоро сите случаи, болката може да се намали или отстрани со користење на различни лекарства и други третмани, од кои некои вклучуваат радиотерапија, советување, релаксирање, медитирање, или некој друг метод кој е соодветен за вас.

Во последно време постигнат е голем напредок во  контролирањето на болки, вклучувајќи ги видовите на лекарствата и начинот на кој тие се даваат. Повеќе информации на оваа тема може да ви даде вашиот доктор од општа пракса и службата која ви нуди нега со лекарства за ублажување на болки.

# Дали може да останам дома до крајот на животот?

Службата која ви нуди нега со лекарства за ублажување на болки ќе направи се што може за да ви дава поддршка вам и на вашиот негувател таму каде што сакате да бидете. Често тоа е во вашиот дом.

Понекогаш, обемноста на негата што е потребна може да го исцрпи негувателот. Во таков случај, постои можност пациентот да биде примен во било која од болниците во регионот на Penrith, Blue Mountains или Hawkesbury. Во тој случај, нега можете да добиете блиску до местото каде што живеете.